Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа ДРАМСКИ ТЕАТАР
Institucioni Nacional TEATRI I DRAMËS

Бр.-Nr. 0402 - 89/4
20. 04. 2021 г./viti
Скопје Shkup

Врз основа на чл.77ж од Закон за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015; 39/2016 и 11/2018), и чл.12 алинеа 4 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на постапката за вработување, начинот на спроведување на аудицијата/ интервјуто, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавен оглас за давателите на јавни услуги во НУ ДТС бр.0201-478/5 од 24.09.2018 и Предлог-Одлуката на Комисијата именувана за вработување на еден извршител - Друг раководител (Шифра КУЛ 03 04 Г01 003), со решение од вд. директорот Катарина Коцевска Хаџи Василева, под бр. 0402-47/1 од 23.02.2021 г., во следниот состав: Сања Базерко- раководител на одделение за административни, општи и правни работи- член- претседател, Верка Вуковиќ-раководител на одделение за материјално-финансиско работење-член, Гунтер Кубе-друг раководител –технички директор во НУ МНТ -Скопје- член, Олга Јаневска- советник за маркетинг и односи со јавност-заменик член, Соња Николовска Затенко- главен благајник-заменик член и Перо Ралев- одговорен декоратер- заменик член, а согласно мислењата, препораките и наводите донесени во второстепеното Решение на Управниот одбор на НУ ДТС, под бр. 0201-84/6 од 08.04.2021 г., со кое Управниот одбор повторно ја усвои Жалбата на неизбраниот кандидат Павле Игновски заведена под бр.0402-47/9 од 31.03.2021 г., и ја укина Одлуката за избор на кандидат за вработување на работното место Друг раководител (КУЛ 03 04 Г01 003) заведена под бр.0402-47/8 од 25.03.2021 г. и предметот го врати на повторно постапување и одлучување во фаза на административна селекција, по која Комисијата за постапка за вработување постапи и донесе нова Предлог-Одлука под бр.0402-89/3 од 16.04.2021 г. врз основа на која вд Директорот на НУ Драмски театар Скопје на ден 20.04.2021 г., донесе

## **О Д Л У К А**

За избор на кандидат за вработување на работното место Друг раководител
по оглас бр. 1507489 од 04.01.2021 г.

1. За вработување на еден (1) извршител на работното место Друг раководител (Шифра КУЛ 03 04 Г01 003), на неопределено време, во Националната установа Драмски театар Скопје, се избира прворангираниот кандидат-2 Горјан Донев.
2. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Истоимената Комисија за постапка за вработување, именувана со Решение од вд. директорот Катарина Коцевска Хаџи Василева, под бр. 0402-47/1 од 23.02.2021 г., во следниот состав: Сања Базерко- раководител на одделение за административни, општи и правни работи-член- претседател, Верка Вуковиќ-раководител на одделение за материјално-финансиско работење-член, Гунтер Кубе-друг раководител –технички директор, повторно постапила, врз основа на мислењата, насоките и наводите донесени во второстепеното Решение на Управниот одбор на НУ ДТС, под бр. 0201-84/6 од 08.04.2021 г., со кое Управниот одбор повторно ја усвоил Жалбата на неизбраниот кандидат Павле Игновски заведена под бр.0402-47/9 од 31.03.2021 г., и ја укинал Одлуката за избор на кандидат за вработување на работното место Друг раководител (КУЛ 03 04 Г01 003) заведена под бр.0402-47/8 од 25.03.2021 г. предметот го вратил на повторно постапување и одлучување во фаза на административна селекција.

Комисијата на ден 12.04.2021 г. и 14.04.2021 г. спровела административна селекција на двајцата (2) пријавени кандидати- Павле Игновски и Горјан Донев. Согласно Записникот од спроведената административна селекција под бр.0402-89/1 од 14.04.2021 г., двајцата кандидати ја поминале административната селекција со тоа што Комисијата била должна да постапува по второстепеното Решение на Управниот одбор на НУ ДТС, кој се водел по Известувањето бр. 53-2870/2 од 24.03.2021 од Министерството за култура како надлежен орган за работите од областа на културата, во кое, во врска со посебниот услов – работно искуство во струката, го известило УО на ДТС дека поимот работно искуство во струката е утврден во Законот за административни службеници, но дека истиот не се применува на вработените со статус на даватели на јавни услуги. Дополнително, Министерството посочило дека „со Законот за култура, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за работните односи,работното искуство во струката не е дефинирано и треба да се толкува пошироко, односно дека работното искуство може да се докаже со договори за работа кои се евидентирани во Агенцијата за вработување, но и со други договори за дело/ангажирање или друго работно искуство и договори од кои недвосмислено ќе се утврдат потребните години работно искуство. Затоа, Комисијата за постапка за вработување со должност постапила по насоките и укажувањата наведени во второстепеното Решение под бр. 0201-84/6 од 08.04.2021 г. на Управниот одбор и како доказ за минимум петгодишно работно искуство во струката, покрај официјалниот четиригодишен стаж на кандидатот-1 Игновски, заверен во Агенцијата за вработување на РСМ ги прифатила и сите доставени еднократни авторски договори и договори на дело од кандидатот- 1 Павле Игновски. Додека пак, кај кандидатот-2 Горјан Донев работното искуство се потврдило со заверен стаж од повеќе од 12 години во АВРСМ, од кои кандидатот имал 10 години непрекинат заснован работен однос во Драмскиот театар.

Комисијата закажала и одржала Интервју со двајцата кандидати на ден 16.04.2021 г. , во 12.00 часот, во една од службените простории на Театарот. Според сите поминати фази во постапката, и според ставот и мислењата на сите членови на Комисијата, Комисијата изготвила конечна ранг листа, со предлог кандидат за вработување. Комисијата за прворангиран го предложила кандидатот-2 Горјан Донев, а за второрангиран кандидатот- 1 Павле Игновски, со тоа што Комисијата во нејзината Предлог- Одлука под бр. 0402-89/3 од 16.04.2021 г., предложи прворангираниот кандидат-2 Горан Донев, да се вработи на работното место Друг раководител (КУЛ 03 04 Г01 003) на неопределено време, во Националната установа Драмски театар Скопје.

Врз основа на предлогот за избор на кандидат, вд.директорот изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Секој незадоволен кандидат има право во рок од 8 (осум) дена со денот на приемот на Одлуката да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ ДТС.

НУ Драмски театар Скопје

В.д Директор,

Катарина Коцевска Хаџи Василева

20.04.2021 г., Скопје